МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА

# ПРАКТИЧНА НАСТАВА

II ГОДИНА

## ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА

***техничар за обувки***

Скопје, 2006 година

**1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ**
**1.1. Назив на наставниот предмет:** ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**1.2. Образовен профил и струка**
**1.2.1. Образовен профил:** техничар за обувки
**1.2.2. Струка:** текстилно-кожарска

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**
**1.3.1. Практична обука:** практична настава

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**
**1.4.1.** Втора година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**
**1.5.1. Број на часови неделно:** 6 часа
**1.5.2. Број на часови годишно:** 216 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**
**1.6.1.** Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По успешното совладување на наставната програма по ***практична настава*** ученикот стекнува вештини и знаења и се оспособува:

- да ја познава организацијата на работа во одделенијата за сечење и шиење на горните делови на обувките;
- да ги применува постапките за рачно и машинско сечење на горните делови на обувките;
- да го познава редоследот на операциите за рачна и машинска обработка на горните делови на обувките;
- да ги разликува машините за обработка на горните делови на обувките;
- да ги составува рачно горните делови и горните со долните делови на обувките со воштен конец на парче од материјал за даден модел на обувки;
- да ги составува машински горните со долните делови на обувките со воштен конец на парче од материјал за даден модел на обувки;
- да ги составува горните делови на разни видови обувки во една целина;
- да развива работни навики, рационално користење на материјалите, чувство на одговорност;
- да ги чува и одржува средствата за работа;
- да применува заштитни средства на работното место;
- да одржува хигиена на работното место;
- да развива вештини за тимска работа.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на целите по ***практична настава*** потребни се знаења од наставните предмети: техничко цртање и машински елементи, технологија на текстилот и кожата од I година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **РАЧНО И МАШИНСКО СЕЧЕЊЕ НА ГОРНИТЕ ДЕЛОВИ НА ОБУВКИТЕ** | **48** | ***Ученикот:***<br>- да ги познава видовите на работни места во чевларските погони;<br>- да го подготви работното место;<br>- да ги согледува последиците од неправилното однесување со средствата за работа и причините за нивното настанување;<br>- да врши правилен избор на материјалите според даден модел;<br>- да ги разликува средствата за работа за рачно сечење;<br>- да ги применува начините за рачно сечење на горните делови на обувките за даден модел;<br>- да ги идентификува деловите од машините за машинско сечење на горните делови на обувките;<br>- да ги користи методите и начините на поставувување на | - Укажување на редоследот при подготовката на работното место;<br>- истакнување на последиците од неправилното однесување кон средствата за работа и работното место;<br>- демонстрирање на средствата за рачно сечење на горните делови на обувките;<br>- покажување на машините за машинско сечење на горните делови на обувките;<br>- демонстрирање рачно сечење на горните делови на обувките на парче од материјал за даден модел;<br>- демонстрирање на машинско сечење на горните делови на обувките на парче од материјал за даден модел;<br>- примена на методите и | Технологија на изработка на обувки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ножевите за машинско сечење за даден модел. | начините на поставувување на ножевите за машинско сечење на горните делови од обувките да се врши на парче од материјал за даден модел. | |
| **РАЧНА И МАШИНСКА ОБРАБОТКА НА ГОРНИТЕ ДЕЛОВИ НА ОБУВКИТЕ** | **42** | - Да го познава редоследот на операциите за обработка на горните делови на обувките;<br>- да ги обележува горните делови на обувките;<br>- да врши површинска обработка на цепење, спалтање, ивично тенчење;<br>- да поставува лента за појачување на искроените делови;<br>- да подвиткува рачно и машинско;<br>- да ги обработува ивиците со палење и боење;<br>- да украсува горниште со машинско просечување;<br>- да паспулира ивици со нашивање. | - Демонстрирање на рачно обработување и обележување на горните делови на обувките на парче од материјал за даден модел според редоследот на операциите за обработка;<br>- машинско обработување и обележување на горните делови на обувките на парче од материјал за даден модел според редоследот на операциите за обработка;<br>- демонстрирање на површинска обработка на цепење, спалтање, ивично тенчење и поставување лента за појачување на искроени делови;<br>- објаснување на начинот на рачно и машинско подвиткување;<br>- објаснување на обработката на ивиците со палење и боење; | Технологија на изработка на обувки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - покажување начин на украсување на горните делови на обувките со машинско просечување на парче од материјал за даден модел;<br>- покажување начин на паспулирање на ивици со нашивање на парче од материјал за даден модел. | |
| **МАШИНИ ЗА ОБРАБОТКА НА ГОРНИ ДЕЛОВИ** | **42** | - Да ги препознава машините за обработка на горните делови (машина со обичен штеп, цик-цак машина, столбна машина, кантир машина, машина за паспулирање и машина со две игли);<br>- да ги идентификува деловите на машина со обичен штеп;<br>- да поставува игла и да воведува конец во машината;<br>- да намотува долен конец;<br>- да шие на хартија без конец;<br>- да изработува прави, криви и заоблени штепови на разни видови материјали со конец;<br>- да зазема правилно држење на телото при работа со машината. | - Покажување на машините за обработка на горните делови на обувките, нивните делови и механизми;<br>- покажување на деловите и механизмите на машината со обичен штеп;<br>- демонстрирање на начинот за поставување на игла, воведување на конец и намотување на долен конец;<br>- укажување на правилното седење при машинското шиење;<br>- покажување скици и изработени примероци од разни видови машински штепови;<br>- покажување на начините за изработка на шевовите на парче материјал за даден модел на горни делови на обувки. | Технологија на изработка на обувки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **РАЧНО И МАШИНСКО СОСТАВУВАЊЕ СО ВОШТЕН КОНЕЦ НА ГОРНИ ДЕЛОВИ И ГОРНИ СО ДОЛНИ ДЕЛОВИ** | **42** | - Да разликува видови игли и средства за работа за рачно составување на горните делови и горните со долните делови со воштен конец;<br>- да составува рачно горни делови и горни со долни делови со воштен конец;<br>- да ги разликува машините за составување на горни со долни делови со воштен конец – Mc val;<br>- да ги составува машински горните со долните делови со воштен конец | - Покажување на разни видови игли и други средства за работа за рачно составување на горни делови и горни со долни делови воштен конец;<br>- демонстрирање начин на рачно составување горни делови и горни со долни делови со воштен конец;<br>- покажување начини за машинско составување на горни со долни делови со воштен конец на парче од материјал за даден модел на горни делови од обувки. | Технологија на изработка на обувки |
| **СОСТАВУВАЊЕ НА ГОРНИ ДЕЛОВИ ВО ЕДНА ЦЕЛИНА** | **42** | - Да составува преден надворешен потсклоп;<br>- да составува заден надворешен потсклоп;<br>- да составува надворешни делови ка ,,дерби”, ,,паризер”, салонка тип на горниште;<br>- да составува надворешни и внатрешни делови со налепување - подлепување;<br>- да составува надворешни со внатрешни делови кај ,,дерби”, ,,паризер”, салонка тип на горниште;<br>- да составува надворешни делови со внатрешни делови кај женска, | - Покажување на начините на составување на преден и заден надворешен потсклоп;<br>- објаснување на составувањето н надворешни делови на парчиња од материјал кај ,,дерби”, ,,паризер”, салонка тип на горниште;<br>- покажување на составувањето н надворешни и внатрешни делови со налепување – подлепување н парче од материјал според даде модел;<br>- објаснување на составувањето н надворешни со внатрешни делови на парчиња од материјал | Технологија на изработка на обувки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | машка и детска чизма;<br>- да врши составување на поставни делови;<br>- да ги изведува допилнителите операции на готово горниште;<br>- да ја следи организацијата на работата во шивална. | кај машки, женски и детски чизми;<br>- демонстрирање на составување на поставни делови;<br>- посета на погон за шиење од производни капацитети на трговски друштва за производств на обувки. | |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

Согласно целите на наставната програма по ***практичната настава*** наставникот применува современи наставни методи (стратегии) во зависност од наставната целина, односно наставната единица, кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставата. Овие наставни методи подразбираат примена на фронтална и индивидуална форма на работа, работа во групи, во парови/тандем.

Во текот на наставата наставникот ги презема следниве активности: објаснува, демонстрира, дава упатства за реализација на практичната задача, опишува, споредува, ја следи работата на ученикот, го мотивира, ги оценува постигнувањата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во слушање, дискутирање, самостојна изработка на предметите, прибележување, наблудување, споредување, изработување домашни задачи и друго.

**4.3. Организација и реализација на наставата**

***Практичната настава*** се реализира преку стручно-практични вежби во чевларска работилница во рамките на ужилиштето опремена со соодвените наставни средства и во погони од производни капацитети на трговски друштва за производство на обувки. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите по групи (паралелката се дели на две групи). Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од

овој документ, опфаќа часови за изработка на практичните задачи, повторување, утврдување и посета на производни капацитети на трговски друштва за производство на обувки. Непосредната поврзаност помеѓу наставните програми по практична настава и стручно-теоретските предмети неминовно ја наметнува потребата од тимска работа меѓу наставниците кои ги реализираат овие програми.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите од наставната програма по ***практична настава*** се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната целина се користат: машини за обработка на горни делови од обувки (машина со обичен штеп, цик-цак машина, столбна машина, кантир машина, машина за паспулирање и машина со две игли); работни маси, комплетен прибор за работа, шеми, слики, модни списанија за обувки и други наставни средства и помагала.

За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература и тоа: прирачник за практична настава, Интернет, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, како и дополнителна литература за наставникот.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година преку следење и оценување на изработените практични задачи. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по ***практична настава*** треба да ги поседува следниве индивидуални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмо на кој се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, отворен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по ***практична настава*** ја реализираат кадри со завршени студии по чевларство и со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард за простор

***Практичната настава*** се реализира во чевларска работилница во рамките на училиштето опремена според Нормативот за простор и опрема за образовниот профил техничар за обувки и во производни капацитети на трговски друштва за производство на обувки.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка**: мај 2006 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. Ратка Јаневска, раководител, советник во Бирото за развој на образованието-Скопје
2. Снежана Трајановиќ, член, наставник во ДСУ ,,Перо Наков”-Куманово
3. Бобан Спасовски, дипл. инж. по чевларство, член, ДООЕЛ ,,Тритон”-Куманово, директор

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**8.1. Датум на започнување:** 01.09.2006 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***практична настава*** ја одобри министерот за образование и наука со решение

бр. 07-3851/21 од 29. 06. 2006 година.